МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**Наставна програма**

# Музичко образование

## за IX одделение

Скопје, 2026 година

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Музичко образование*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | IX (деветто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • ***Слушање и разбирање на музиката***<br>• ***Музичка писменост и изведбени активности*** |
| **Број на часови** | 1 час неделно / 36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | Специјализирана училница (кабинет), која освен со стандардните средства и помагала е опремена и со:<br>• клавир/пијанино/електрично пијано или некој друг музички темпериран инструмент;<br>• детски ритмички инструменти (ритмички и мелодиски);<br>• разни извори на учење од природата и непосредната околина - дрвени или метални прачки, стаклени, дрвени, метални предмети со разновидна звучност во училницата;<br>• печатени материјали (нотни записи, прирачници, списанија, весници, книги, енциклопедии и друга литература);<br>• дводимензионални отпечатоци – непроектирани (слики, фотографии, постери, илустрации);<br>• уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД и ДВД-уред, хај-фај уред, ТВ приемник, компјутер со пристап до интернет и апликација за пишување ноти, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна (смарт) табла);<br>• аудио и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина;<br>• едукативни дигитални материјали;<br>• интерактивна табла. |

| | |
|---|---|
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по Музичко образование во деветто одделение може да ја изведува лице со завршени:<br>• студии по музичка уметност, наставна насока/музичка теорија и педагогија, VII/1 или VI A (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>• студии по музичка уметност, друга ненаставна насока, VII/1 или VI A (според МРК) и 240 ЕКТС со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Уметничко изразување и култура** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VIII-A.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-A.2 | да ги идентификува различните манифестации на популарната култура и нивното влијание врз развојот на естетските вредности; |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-A.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите што се припадници на сопствената или на други култури; |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност; |
| VIII-A.7 | да препознава и објаснува како културните обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти; |
| VIII-A.8 | да го препознава значењето и да ги објаснува придобивките и предизвиците од глобализацијата и поврзаноста на локалните прашања со глобалните движења; |
| VIII-A.9 | да препознае и објасни како културата на која ѝ припаѓа (вклучително и на традицијата и религијата) влијаела на формирање на неговиот/нејзиниот идентитет и поглед на светот; |

| | |
|---|---|
| VIII-А.10 | да ги идентификува и преиспитува стереотипите и предасудите кон припадниците на другите културни групи што се манифестираат во неговото/нејзиното опкружување, |
| VIII-А.11 | да препознава присуство на етноцентризам и да ги идентификува елементите во културата коишто придонесуваат за негова манифестација, |
| VIII-А.12 | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура туку и низ перспективата на други култури. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VIII-Б.1 | уметноста и другите форми на културно изразување придонесуваат за разбирање и менување на светот; |
| VIII-Б.2 | критичкиот однос кон различните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности; |
| VIII-Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесува за јакнење на културниот идентитет и дигнитет; |
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните трансверзални подрачја на Националните стандарди:

**Дигитална писменост**

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| IV-А.1 | да ги истражува и споредува можностите на познати и нови дигитални уреди и самостојно да процени, одбере и да ги користи тие што се најсоодветни за конкретна потреба и ситуација; |
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ, да одбере и инсталира програми кои му/ѝ се потребни, да користи програми за заштита и да реши рутински проблеми во функционирањето на дигиталните уреди и мрежи; |
| IV-А.3 | да користи различни начини на организирање и безбедно чување и споделување на содржини на различни уреди и мрежи во дигиталното опкружување; |
| IV-А.4 | во соработка со други да анализира проблем, развие идеја и план за негово истражување и решавање и да испланира кога и за што ќе користи ИКТ; |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот; |
| IV-А.6 | да избере и користи различни алатки за обработка на податоци, да ги анализира податоцитеи да ги претстави на различни |

| | |
|---|---|
| | начини, почитувајќи ги правилата за користење; |
| IV-А.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ-алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби; |
| IV-А.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци; |
| IV-А.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор да ги почитува различните учесници и да ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор. |
| IV-А.10 | да се грижи за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација и да ги почитува политиките за приватност; |
| IV-А.12 | да истражува можности за користење на различни модели и симулации, комбинирање статични и динамички претставувања, звук, текст и слики за да модифицира или создаде едноставни креативни мултимедиумски продукти со конкретна намена и за определена публика; |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.2 | неодговорното и неумешното користење на ИКТ има органичувања и може да носи ризици за поединецот или општеството; |
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите кои се достапни преку дигиталните уреди; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила, и за добро на луѓето; |
| IV-Б.6 | мора да се почитува правото на интелектуална сопственост на продуктите достапни на дигиталните мрежи. |

**Личен и социјален развој**

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| V-А.3 | да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални (на пр., родов, етнички и национален идентитет) и на различните улоги кои ги има во животот (на пр, ученик, син/ќерка) |
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝовозможат развој и напредување; |
| V-А.5 | да ги препознава емоциите кај себе си и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите; |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон |

| | |
|---|---|
| | нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-A.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе си и по другите; |
| V-A.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното восопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-A.11 | да дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош; |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интереситена сите вклучени страни; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите. |
| V-A.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| V-A.20 | критички да ги анализира информациите и доказите според релевантни критериуми; |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби. |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| V-Б.10 | учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***СЛУШАЊЕ И РАЗБИРАЊЕ НА МУЗИКАТА***
Вкупно часови: 18 часа

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. ги разликува и објаснува музичките епохи: романтизам, импресионизам, музика на 20 и 21 век, како и творештвото на македонските композитори, преку нивните главни обележја: најистакнатите композитори и нивните најрепрезентативни дела;
2. ги идентификува и разликува музичко-сценските дела: опера, балет, оперета и мјузикл, нивната појава и развој, начин на создавање и основните карактеристики;
3. ги открива и објаснува составните компоненти од други форми на уметнички израз, вклучени во изведбата на музичко-сценските дела и ја резимира содржината на музичко-сценското дело;
4. ги препознава и споредува обединувачките елементи и разликите во карактеристиките на народните песни, ора, инструменти, традиција, обичаи и празници во РС Македонија, во регионот и во светот;
5. ги разликува по звучност џезот и популарните жанрови и го препознава и објаснува спојувањето на различни музички видови и жанрови во *crossover* музиката.

Ученикот/ученичката ќе развива:

6. рафиниран музички вкус и личен музички идентитет кој се базира на естетските стандарди од стекнатите знаења.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • **Музички епохи**<br>(романтизам, импресионизам, музика на 20 и 21 век; творештво на македонските композитори; Шуберт, Шопен, Верди, Чајковски, Дебиси, Прокофјев, Стравински; Скаловски, Прокопиев, Властимир Николовски, Зографски, Прошев) | • Ги набројува по хронолошки редослед изучените музички епохи и македонските композитори.<br>• Ги опишува главните обележја на музичките епохи: романтизам, импресионизам, музика на 20 и 21 век и творештвото на македонските композитори.<br>• Дискутира по претходно истражување, за животот и делото на најзначајните композитори од музичките епохи: романтизам, импресионизам, музика на 20 и 21 век и творештвото на македонските композитори.<br>• Ги споредува аудитивно композициите од различни музички епохи според музичко-стилските обележја. |
| • **Музичко-сценски дела** | • Ги препознава аудитивно, визуелно и по сценска поставеност музичко- |

| | |
|---|---|
| (опера, балет, оперета, мјузикл; композитор, либретист, диригент, режисер, сценограф, костимограф, кореограф; солист, хор; балетски играчи; видови опери: сериозна/seria, комична/buffa) | сценските дела: опера, оперета, балет и мјузикл.<br>• Ги идентификува и опишува различните видови учесници и нивното значење во создавањето изведбата и организацијата на музичко сценските дела при аудутивно и визуелно следење.<br>• Дискутира за историскиот развој на музичко-сценските дела и нивната појава и развој во РС Македонија преку слушаните примери.<br>• Регистрира елементи од други уметности и нивната примена во музичко-сценските дела. |
| • **Насочено слушање со обработка на музичко-сценски дела и други репрезентативни дела од различни музички епохи**<br>(наслов, композитор, карактер на музиката, музички изразни средства; музичко-сценски дела: сиже, главни и споредни ликови, карактер на ликовите, сцена и чин, увертира, соло, дует, терцет; арија и речитатив; балетски/танцови сцени ) | • Ги воочува и објаснува елементите на изведба на музичко - сценски дела и организација на учесниците, при целосна обработка.<br>• Подредува композиции и композитори по хронолошки редослед според изучените музички епохи.<br>• Споредува/вреднува различни изведби на исто музичко - сценско дело или композиција од различни изведувачи, според карактерот и изразните средства.<br>• Составува сопствена ранг-листа на омилени извадоци од музичко-сценските дела и на репрезентативни дела од различни музички епохи и жанрови и го аргументира рангирањето. |
| • **Народно музичко творештво**<br>(карактеристики на фолклорот во различни региони во РС Македонија, песни, ора, инструменти, носија; традиција и обичаи; свадбен циклус и празници; собирачи на народно творештво, Живко Фирфов) | • Ги наведува основните карактеристики на фолклорот во различни региони во РС Македонија.<br>• Го поврзува музичкиот фолклор со традицијата и обичаите во свадбениот циклус и празниците, со одредена носија, во својата и во другите култури и традиции во регионот и во светот.<br>• Подготвува и презентира продукт (текст, видео или презентација) од сопствено истражување за традицијата, обичаите и музичкиот фолклор<br>• Дебатира за значењето на зачувување на традицијата и обичаите на својата и култури и традиции во регионот и во светот, во современиот начин на живеење . |
| • **Џез, популарни жанрови, *crossover*/мешани жанрови, филмска музика и музиката во новите медиумски форми**<br>(џез, блуз, RnB, хип-хоп, рап, рокенрол, поп; *crossover*: популаризирана класика, фолк-рок, етно- | • Препознава аудитивно композиции од џез музика, популарни жанрови, *crossover* според музичките обележја.<br>• Објаснува за улогата и значењето на музиката во филмот.<br>• Препознава спојување на различни жанрови во *crossover* музика. |

| | |
|---|---|
| поп, поп-фолк, поп-рок; џез музика, популарни и мешани жанрови во Македонија; филмска музика, постоечка музика користена во филм, сонгови; спот/музичко видео/клип, ремикс, видео платформи, YouTube, авторство) | • Дебатира за музиката во новите медиумски форми и новите глобални трендови во популарната музика по претходно истражување. |

**Примери за активности:**

- Преку видео и аудио примери и други дигитални содржини, наставникот презентира композиции преку кои учениците ги воочуваат главните обележја на музичките епохи: романтизам, импресионизам, музика на 20 и 21 век и творештвото на македонските композитори. Учениците ги набројуваат по хронолошки ред изучените музички епохи, ги опишуваат нивните главни обележја и ги споредуваат аудитивно композициите.
- Наставникот им дава насоки и им посочува ресурси на учениците да истражуваат за животот и делата на најзначајните композитори од музичките епохи: романтизам, импресионизам, музика на 20 и 21 век и творештвото на македонските композитори. Учениците истражуваат, изготвуваат дигитални содржини, презентираат и дискутираат за сознанијата од истражувањето.
- Учениците изготвуваат временска лента за изучените музички епохи и композитори.
- Наставникот презентира видео примери од музичко-сценски дела (опера, оперета, балет и мјузикл), а потоа учениците ги препознаваат аудитивно, визуелно и по сценска поставеност, ги идентификуваат и опишуваат различните видови учесници и нивното значење во создавањето, изведбата и организацијата, дискутираат за историскиот развој и нивната појава и развој во РС Македонија и регистрираат елементи од други уметности и нивната примена.
- По претходно споделени насоки и ресурси од страна на наставникот, учениците истражуваат за најпопуларни (најизведувани) музичко-сценски дела, за нивната содржината, првата изведба, најпознати оперски пејачи/ки и сл. Учениците истражуваат во групи (тимска работа), изготвуваат дигитални содржини и ги презентираат добиените сознанија. Потоа меѓусебно се оценуваат и дискутираат.
- Преку различни наставни техники (Скелетен приказ, Коцка, Вртелешка, Кругови, Т-табела) учениците ги претставуваат и утврдуваат изучените содржини и поими за музичко-сценските дела.
- Наставникот преку видео презентација им претставува на учениците музичко-сценско дело (кратка верзија). Преку Стоп-техника, учениците ги воочуваат и објаснуваат елементите на изведба и организација, споредуваат и вреднуваат различни изведби на истото дело од различни изведувачи, според карактерот и изразните средства.
- Учениците, според насоки на наставникот, составуваат сопствена ранг-листа на омилени фрагменти од музичко-сценските дела и на репрезентативни дела од различни музички епохи и жанрови и го аргументираат рангирањето.
- Преку насочени прашања од страна на наставникот, учениците ги наведуваат основните карактеристики на фолклорот во различни региони во РС Македонија и го поврзуваат музичкиот фолклор со традицијата и обичаите во свадбениот циклус и празниците, со одредена носија, во својата и во другите култури и традиции во регионот и во светот.
- Според насоки и посочени ресурси од страна на наставникот, учениците подготвуваат и презентираат проект (текст, видео или

презентација) од сопствено истражување за традицијата, обичаите и музичкиот фолклор.

- Преку различни техники за дебатирање (Агли, Мрежа на дискусија и сл.), учениците дебатираат за значењето на зачувувањето на традицијата и обичаите на својата и културите и традициите во регионот и во светот, во современиот начин на живеење. Предлози за дебатирање: Традицијата и обичаите во современиот начин на живеење; 21 век – традиција или глобализација?; Различностите нѐ прават посилни и сл.).
- Наставникот презентира композиции од различни жанрови (џез, популарни жанрови, crossover, филмска музика и останатите жанрови кои се изучени претходно), а учениците ги препознаваат и објаснуваат основните карактеристики според музичките обележја и функција.
- Според насоки на наставникот, учениците дебатираат на теми за музиката во новите медиумски форми и новите глобални трендови во популарната музика по претходно истражување. Предлози за дебатирање (преку техники за дебатирање: Агли, Мрежа на дискусија и сл.): Застапеност на музичките жанрови на националните телевизии; Социјалните медиуми и создавањето на музички ѕвезди; Секој може да биде пејач/ка со можностите на дигиталната технологија; Музички идол на младите – карактеристики на личноста; Популарната музика некогаш и сега – во времето на Интернетот и сл.

**Насоки за наставникот:**

*- Се препорачува да се реализираат посети на концертни настани, како и музички институции, а потоа на часот да се дискутира за стекнатите впечатоци, искуства и сознанија. Наставникот да обрнува внимание на концертната култура (однесување на концерт, ракоплескање на крајот на цикличното дело, исклучување на мобилните телефони и сл.).*

*- Се препорачува интердисциплинарен пристап со другите образовни подрачја при изучување на музичките епохи и музички дела.*

Тема: ***МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ И ИЗВЕДБЕНИ АКТИВНОСТИ***

Вкупно часови: 18 часа

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. ги разликува визуелно и аудитивно F-dur и d-moll скала, ги објаснува нивните елементи и ги користи преку пеење/свирење со примена на нотен запис;
2. пее/свири едноставни едногласни и двогласни песни и вежби и двогласни канони во рамноделни и нерамноделни тактови во зададени музички примери;
3. ги препознава аудитивно и во нотен текст ритмичките фигури синкопа, контртан, триола, преттакт, и прави ритмичка придружба по слух на композиции во тактови со тројна поделба на ударот;
4. пее и ритмички придружува музички примери различни по жанр, карактер и содржина, прилагодени теми од музичко-сценски дела, како и народни напеви, по слух и по ноти, со правилна примена на вокална техника и точен ритам;
5. се изразува креативно преку создавање музички целини и преку поврзување на музиката со други форми на уметничко изразување;
6. користи апликации за пишување ноти со примена на елементите од музичка писменост.

Ученикот/ученичката ќе развива:

7. вештини за пеење, свирење, лична афирмација, како и презентација и промоција на дигитални проекти со посебен акцент на фолклорот.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • **Скали**<br>(тоновите f мало - a2; скала F-dur, квинтен круг надолу, скала d-moll, природен, хармонски и мелодиски вид, снижувалка (бемол), разрешувалка (бекар)<br><br>*Граничните тонови се за теориско совладување. При пеење скали треба да се внимава на гласовните можности на учениците. Препорачаниот опсег за пеење е објаснет во содржината Пеење.* | • Запишува и употребува во петолиние f мало и a2 и снижувалка/бемол<br>• Ја запишува скалата F-dur и нејзините елементи (квинтен круг надолу).<br>• Ги запишува и споредува природен, хармонски и мелодиски вид од скалата d-moll и нејзините елементи (паралелна молска скала).<br>• Запишуваат и транспонираат едноставни примери во изучените скали. |
| • **Ритмички фигури, тактови со тројна поделба на мерна единица и сложени нерамноделни тактови**<br>(синкопа, контртан, триола, преттакт; 3/8, 6/8 и рамноделен 9/8 такт; 11/8) | • Слушно и визуелно препознава ритмички фигури (синкопа, контртан, триола, преттакт), тактови со тројна поделба на мерна единица (3/8, 6/8, и 9/8).<br>• Слушно разликува и тактира рамноделни и нерамноделни тактови во музички примери.<br>• Објаснува за структурата на рамноделните и нерамноделните тактови .<br>• Создава и изведува придружба на музички примери во рамноделни и нерамноделни тактови. |
| • **Апликации за пишување ноти**<br>(ознаки за потпишување на стихови, ознаки за строфи, ознаки за динамика, темпо, фразирање) | • препознава ознаки за потпишан текст и изразни средства во апликацијата за пишување ноти.<br>• објаснува за научените поими во апликацијата за пишување ноти.<br>• ја применува апликацијата за пишување ноти преку вметнување текст под нотите и изразни средства со соодветни ознаки.<br>• создава кратки музички фрази со потпишан текст во апликацијата за пишување ноти. |
| • **Пеење и свирење музички инструменти**<br>(групна и колективна музичка изведба, диригентски знаци, меѓусебно слушање, интонација и ритам, дикција и артикулација на текстот) | • учествува во групна и колективна изведба на соло песни, прилагодени делници од соло и хорски делници од опери<br>• пее и ритмички ги придружува одредени авторски и фолклорни напеви од својата и другите традиции од регионот и од светот<br>• пее/свири по слух едногласни и двогласни примери од различни жанрови |

| | |
|---|---|
| *(НАПОМЕНА: Опсегот на композициите го одредува и прилагодува наставникот според индивидуалните гласовни можности на учениците и промените на гласот во конкретниот развоен период.)* | со примена на музички изразни средства, со точна интонација и ритам,<br>• пее/свири едноставни примери од различни жанрови по нотен запис со примена на музички изразни средства, со точна интонација и ритам |
| • **Креативно музичко изразување**<br>(варирање, импровизација, бит-бокс, дигитални проекти со посебен акцент на фолклорот, видеа, презентации, кореографија на оро, драматизација на обичаи) | • Парафразира музички модели (фрази и делници) од современи жанрови и музички фолклор во сопствено креативно изразување (по можност со елементи на варирање и импровизација).<br>• Осмислува кореографии за ора и драматизации на обичаи со варирање и импровизација.<br>• Креира видеа/презентации и дигитални проекти за промоција на народното музичко творештво во новите медиуми по претходно истражување.<br>• Користи бит-бокс елементи и ритамот го комбинира со елементи од други жанрови. |

**Примери за активности:**

- Наставникот ги запознава учениците со тоновите f мало и a2, а учениците ги препознаваат и запишуваат во петолиние. Учениците се насочуваат да ги препознаат во нотен пример тоновите f мало и a2 и останатите изучени тонови и снижувалка/бемол. Учениците се поттикнуваат да создаваат едноставни мелодиски вежби со примена на изучените тонови, да ги изведуваат самостојно и во група и да ги транспонираат со запишување во изучените скали.
- Преку различни музички примери визуелно и аудитивно учениците се запознаваат со F-dur и d-moll скала (природен, хармонски и мелодиски вид), со нивните елементи, разликите и сличностите помеѓу нив, и истите ги користат преку пеење/свирење на едноставни едногласни и двогласни песни и вежби и двогласни канони со примена на нотен запис. Учениците ги запишуваат изучените скали и нивните елементи.
- Учениците се насочуваат од наставникот, преку соодветни музички примери, слушно и визуелно да препознаваат ритмички фигури (синкопа, контртан, триола, преттакт), тактови со тројна поделба на мерна единица (3/8, 6/8, и 9/8), слушно да разликуваат и тактираат рамноделни и нерамноделни тактови, да објаснуваат за нивната структура и да создаваат и изведуваат придружба на соодветни музички примери.
- Учениците препознаваат ознаки за потпишан текст и изразни средства во апликацијата за пишување ноти, објаснуваат за научените поими во апликацијата за пишување ноти, ја применуваат апликацијата за пишување ноти преку вметнување текст под нотите и изразни средства со соодветни ознаки и создаваат кратки музички фрази со потпишан текст во апликацијата за пишување ноти.
- Наставникот презентира музички примери (народна песна, детска песна, популарна песна, уметничка песна, канон, двогласна песна/вежба, мелодиска вежба) со соодветен гласовен опсег g – e2, ги распева учениците со соодветни технички вежби, а учениците учествуваат во заедничка изведба по слух. Потоа учениците изведуваат по слух едногласни песни и вежби, едноставни двогласни канони и двогласни песни/вежби самостојно/во група, пеат/свират по слух едногласни песни и вежби, едноставни двогласни канони и

двогласни песни/вежби со правилен пејачки став/правилен начин на свирење и примена на музички изразни средства.

- Наставникот ги упатува учениците во читање и изведба по нотен запис: коментирање на нотниот текст, читање парлато, свирење по нотен запис/пеење по нотен запис со солмизација, пеење со текст, примена на правилна вокална/инструментална техника и на музички изразни средства. Учениците изведуваат ритмички вежби и пеат/свират песни и вежби во опсег g – е2 со примена на нотен запис.
- Учениците учествуваат во групна и колективна изведба на соло песни, прилагодени делници од соло и хорски делници од опери и пеат и ритмички ги придружуваат одредени авторски и фолклорни напеви од својата и другите традиции од регионот и од светот.
- Наставникот ги насочува учениците да парафразираат музички модели (фрази и делници) од современи жанрови и музички фолклор во сопствено креативно изразување (по можност со елементи на варирање и импровизација), да осмислуваат кореографии за ора и драматизации на обичаи со варирање и импровизација, да креираат видеа/презентации и дигитални проекти за промоција на народното музичко творештво во новите медиуми по претходно истражување и да користат бит-бокс елементи и ритам комбиниран со елементи од други жанрови.

**Насоки за наставникот:**

- *Изучувањето на скалите не е цел за себе и треба да се одвива во тесна поврзаност со слушаните примери, асоциирање со познати мелодии, пеење и свирење по нотен запис со претходно објаснување.*
- *Наставната содржина Пеење и свирење музички инструменти остава можност за формирање хор и оркестар, како и други изведувачки состави, на ниво на паралелка, одделение, училиште.*
- *Пожелно е пеењето да се применува на секој час како засебна активност и како помош за совладување на други содржини од програмата.*
- *Креативните активности на учениците треба да се базираат на афинитетите и индивидуалните карактеристики на учениците и наставникот да ги прилагоди на постоечките услови за работа во училиштето.*
- *Секогаш кога е можно наставникот треба да користи меѓутематска и меѓупредметна интеграција при планирањето и реализацијата на наставата.*

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар).

Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот,
- учеството и успешноста при реализацијата на изведбените активности (правилна примена на изведувачката техника и знаењата од музичката писменост при групно и колективно музицирање),
- учеството и успешноста во активностите за разбирање на слушаната музика и за креативно музичко изразување,
- изработките (проектите со посебен акцент на фолклорот, презентации, шематски прикази и сл.),
- одговорите на квизови (куси тестови) што се дел од поучувањето.

Сумативната оценка се изведува преку различните техники на формативно и сумативно оценување. На секое тромесечие, на полугодие и на крајот од учебната година ученикот добива бројчана сумативна оценка.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2027/2028 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26) министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Музичко образование* за IX одделение.** | бр. 12-8476/4<br>26.6.2026 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br><br>______________________________ |